**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 декември 2025 година**

**Скопје, декември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 декември 2025 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и Елена Ивановска, државен секретар во Министерство за образование и наука, Оливер Миланов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, д-р Верче Мицевска, национален координатор за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика како и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Од седницата отсуствуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Сто дваесет и осмата седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 13 ноември 2025 година

-Усвојување на Записникот од Сто триесет и втората седница на Владата на РСМ, одржана на 26 ноември 2025 година

1. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (инфраструктурен објект-водоводна инфраструктура за техничка вода–цевковод)

2. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-507/1)

3. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (03-1080/1)

4. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица", Кичево, со Предлог-одлука

5. Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година, со Предлог – одлука

6. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

7. Предлог - одлука за продажба на движни ствари (моторни возила за старо железо)

8. Предлог - програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2025 година

9. Информација за состојбата со „африканска чума" кај свињите

10. Полугодишен извештај за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година

11. Предлог - одлука за продажба на движни ствари - меркантилна пченица

12. Предлог - одлука за продажба на движни ствари

13. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.6489, на КП бр.860, за КО Злокуќани)

14. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување

15. Предлог - програма за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година

16. Информација за потребата од склучување на Договор за грант за проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, со користење на повеќефазен програмски пристап помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународното здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на WBIF–SSTP, со усогласен текст на Договор

17. Информација во врска со потребата од склучување на договор за уредување на односите помеѓу Владата на Северна Македонија и директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со текст на Договор

18. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Марков Стап“, Општина Росоман 9/23 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255/23), со Предлог–одлука

19. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга 1/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.162/25), со Предлог – одлука

20. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино 2/2025 и Тендерска документација за спроведување на постапката

21. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“, с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров, со Предлог – одлука

22. Информација во врска со постапката за доделување на концесија по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2023, со Предлог – одлука

23. Информација за Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година, со Годишен план

24. Информација за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Коцев, ул. „Фемо Кулаков“ бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски, ул. „Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тони Арсов, ул.Народен фронт бр.6, Кавадарци, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со Барањето на концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска

28. Информација во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со Анекс на Договор

29. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со Анекс на Договор

30. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ема инвест гроуп, Тетово, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Капела парк, со Предлог-решение

32. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Монтенегро, Струга, со Предлог-решение

33. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Слив елит евентс, Струга, со Предлог - решение

34. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тино центар, Охрид, со Предлог - решение

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Емка, Тетово, со Предлог - решение

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од ЗДПУТТ Салида петрол ДООЕЛ Прилеп, со Предлог - решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Томаш-хотел Маива, Охрид, со Предлог - решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Монтана, Крушево, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Бела куќа, Битола, со Предлог-решение

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Блисс палаце, Скопје, со Предлог-решение

41. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ангропалас, Кавадарци, со Предлог-решение

42. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Иал, Брвеница, со Предлог-решение

43. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мис Стон, со Предлог-решение

44. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Кораб, Трница, со Предлог-решение

45. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од мотел Мип-Ко, со Предлог-решение

46. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Шумски фенери, Битола, со Предлог-решение

47. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Керчова, Кичево, со Предлог-решение

48. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лектан КМ, со Предлог-решение

49. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Коконат, Гевгелија, со Предлог-решение

50. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Грин центар Гили, Гостивар, со Предлог-решение

51. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел ПКТ ДООЕЛ Демир Капија, со Предлог-решение

52. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Цршово топче, Пробиштип, со Предлог - решение

53. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел АСП Ривер груп, Струга, со Предлог - решение

54. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ембла, Струга, со Предлог-решение

55. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Аквалина, Охрид, со Предлог - решение

56. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од мотел Агноандика, Маврово - Ростуша, со Предлог - решение

57. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Оаза, со седиште на ул. „Тошо Арсов“ бр.32, Штип, со Предлог-решение

58. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сквер, со седиште на ул. „Никола Вапцаров“ бр.2/6, Скопје, со Предлог-решение

59. Предлог – одлука за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Ајдучко Поле“, Општина Виница

60. Информација за склучени договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови и други заштитени подрачја на територија на цела држава

61. Информација со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со прилози

62. Предлог - одлука за отворање Почесен генерален конзулат на Република Латвија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

63. Предлог - одлука за давање согласност за именување почесен генерален конзул на Република Латвија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

64. Информација за утврдување на инвестициите во одбраната и безбедноста на национално ниво, согласно одлуките донесени на Самитот на НАТО во Хаг

65. Информација за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции

66. Информација за составот на делегацијата за учество на Единаесетта сесија на Конференцијата на Договорните страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, што ќе се одржи од 15 до 19 декември 2025 година во Доха, Катар

67. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население

68. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ – Гостивар

69. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје (подвижен рендген апарат со Ц - рака со дигитален детектор за уролошки процедури)

70. Информација за состојбата со заштитата на „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“ и обврските на Република Северна Македонија по донесената Одлука 47 COM 7B.54 на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (јули 2025 година, Париз, Франција)

71. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје

72. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово (артроскопски столб)

73. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница ,,Д-р Трифун Пановски” – Битола (артроскопски столб)

74. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за јавна администрација, за потребите на Државниот управен инспекторат

75. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

76. Иницијативи од политичката партија Левица од Скопје и од политичката партија Демократи од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.144/2025 и У.бр.145/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, член 78, член 78-а и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24)

77. Понуда од нотар Бети Ѓорѓиева од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.33285 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2950/2, КП бр.2950/24 и КП бр.2950/25, викано место/улица „Првомајска 21“ и Имотен лист бр.591218 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2946/5, викано место/улица „Првомајска 21“

78. Понуда од нотар Бети Ѓорѓиева од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65420, за КО Волково, на КП бр.609, викано место/улица „ул.102“

79. Понуда од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.869, за КО Црнилиште, на КП бр.3985 и КП бр.4159, викано

место/улица „Село“ и Имотен лист бр.3786, за КО Црнилиште, на КП бр.3995, КП бр.3996 и КП бр.4162, викано место/улица „Село“

80. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96718 за КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев, на КП бр.5923/1, викано место/улица „Знеполе“

81. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9225 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр.3210/2, викано место/улица „ Ѓорче Петров 5“

82. Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, заклучно со 30 септември 2025 година

83. Информација за висината на изречени глоби од страна на Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање во 2024 година

84. Информација за извршен надзор на законитоста на работата на органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и инспекцискиот надзор на општините во областа на животната средина во 2024 година

85. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје, за периодот јули - септември 2025 година, со дополнувањето

86. Информација за текот на реализација на Договорот за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, со прилози

87. Извештај за распределените финансиски средства за настанатата штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Чешиново-Облешево на 16 јуни 2023 година

88. Кадровски прашања

89. Прашања и предлози

90. Известување и барање за итно преземање мерки во врска со свлечишта во селото Шипковица, кои се резултат на обилните врнежи од дожд на 27 ноември 2025 година

91. Информација за состојбата со појава на обрушување на земјиште (активно свлечиште), кое се наоѓа под објекти на улица „Партенија Зографски“, со можност за загрозување на животот и здравјето на луѓето, како и нарушување на безбедноста и стабилноста на околните објекти, инфраструктура и критичната инфраструктура

92. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 ноември 2025 година до 19 ноември 2025 година

93. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за периодот од 20 ноември 2025 до 26 ноември 2025 година

94. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 ноември 2025 година до 19 ноември 2025 година

95. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 20 ноември 2025 година до 26 ноември 2025 година

96. Информација за Националниот акциски план за Зелената агенда 2025-2027, со Национален акциски план

97. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“ и дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1“ во Кочани (јужен булевар, влез од кај Грдовци)

98. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на мост на Кочанска Река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во Општина Кочани

99. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 км 3+550,20, до изливен базен на препумпна станица од водоводниот систем на град Кочани

100. Информација за поништување на условите за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на автопат (граничен премин со Република Бугарија - Црна Скала), Делчево-Виница-Кочани-Штип-Велес со тех. бр. У33510

101. Предлог - одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2023 година

102. Информација за потпишување на Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за транспорт за Република Северна Македонија за 2024-2027 година, со усогласен текст на Спогодба

103. Информација за потпишување на Спогодбата за финансирање за ИПА 2025-2027 Повеќегодишна акциска програма, со текст на Спогодба

104. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за човечки капитал во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, со текст на Спогодба

105. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за животна средина во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба

106. Информација за организирање на министерската конференција на „Советот на министри за култура на Југоисточна Европа – јакнење на културата во функција на одржливиот развој", која ќе се одржи од 11 до 13 декември 2025 година во Охрид

107. Предлог – лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје за деловната просторија во Подружница АВТОМАТ КЛУБ Сити мол Скопје на ул.„Љубљанска" бр.6/1, Скопје-Карпош

108. Информација за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

109. Предлог на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност

110. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка

111. Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026-2030 година

112. Дополнет предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година

113. Предлог - одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 ноември 2025 година и Записникот од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2025 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (инфраструктурен објект-водоводна инфраструктура за техничка вода–цевковод).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-507/1).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (03-1080/1).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“, Кичево.

**Точка 5**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2025 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (моторни возила за старо железо).

**Точка 8**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2025 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со „африканска чума“ кај свињите, како материјал за информирање.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го усвои Полугодишниот извештај за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2025 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.6489, на КП бр.860, за КО Злокуќани).

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант за проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, со користење на повеќефазен програмски пристап помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународното здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на WBIF–SSTP, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, со користење на повеќефазен програмски пристап помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и

Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународното здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на WBIF–SSTP.

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, да го потпише Договорот за грант за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, со користење на повеќефазен програмски пристап помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународното здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на WBIF–SSTP.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од склучување на договор за уредување на односите помеѓу Владата на Северна Македонија и директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, во име на Владата на Република Северна Македонија, како основач на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, да ги потпише менаџерските договори со директорот и со заменикот на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

2. Пресметката на платите, согласно менаџерските договори, ќе започне да се применува соодветно од ноември 2025 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Марков Стап“, Општина Росоман 9/23 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255/23), со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Марков Стап“ Општина Росоман.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга 1/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.162/25), со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2025, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.162/25.

2. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- варовник на локалитетот „Јаблан“, Општина Струга 1/2025.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино 2/2025 и Тендерска документација за спроведување на постапката и согласно забелешките на Секретаријатот за законодавство, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Брестот“, Општина Неготино 2/2025.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“, с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија“, с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров.

**Точка 22**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2023, со Предлог – одлука, имајќи предвид дека истата е разгледана на Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 ноември 2025 година, точка 25.

**Точка 23**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година, со Годишен план, за наредната седница на Владата.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Коцев, ул. „Фемо Кулаков“ бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски, ул. „Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тони Арсов, ул.Народен фронт бр.6, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Елевска, број 15-4525/1 од 13.9.2021 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 11.2.2027 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дрим хидро ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа Елевска, најмалку до 12.4.2027 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка, со Анекс на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.6.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, најмалку до 3.8.2026 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, со Анекс на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр. 11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 6.5.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 6.7.2026 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Ема инвест гроуп, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Капела парк, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Монтенегро, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Слив елит евентс, Струга, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тино центар, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Емка, Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од ЗДПУТТ Салида петрол ДООЕЛ Прилеп, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Томаш-хотел Маива, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Монтана, Крушево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Бела куќа, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Блисс Палаце, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ангропалас, Кавадарци, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Иал, Брвеница, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Мис Стон, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Кораб, Трница, со Предлог-решение, ја

усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од мотел Мип-Ко, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Шумски фенери, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Керчова, Кичево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Лектан КМ, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Коконат, Гевгелија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Грин центар Гили, Гостивар, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел ПКТ ДООЕЛ Демир Капија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Цреshово топче, Пробиштип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел АСП Ривер груп, Струга, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ембла, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Аквалина, Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од мотел Агноандика, Маврово - Ростуша, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Оаза, со седиште на ул. „Тошо Арсов“ бр.32, Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сквер, со седиште на ул. „Никола Вапцаров“ бр.2/6, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Ајдучко Поле“ Општина Виница.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за склучени договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови и други заштитени подрачја на територија на цела држава и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, за втората наредна седница на Владата, да достави нова преработена информација со соодветен предлог за преиспитување на зоните на заштита во делот на националните паркови во земјата.

**Точка 61**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со прилози, за втората наредна седница на Владата.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за отворање Почесен генерален конзулат на Република Латвија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен генерален конзул на Република Латвија во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на инвестициите во одбраната и безбедноста на национално ниво, согласно одлуките донесени на Самитот на НАТО во Хаг и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за европски прашања, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура и туризам, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за спорт, министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за

инклузија на Ромите 2022-2030, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија да одредат лице за контакт, како и да направат анализи на своите буџети согласно НАТО дефинициите за инвестиции во одбраната и безбедноста и доколку идентификуваат такви трошоци, во категоријата инвестиции поврзани со одбраната и безбедноста, истите да ги достават до Министерството за одбрана, најдоцна до 10 декември 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да го координира процесот на имплементација на новиот План за инвестиции во одбраната и безбедноста.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, врз основа на доставените податоци и информации од горенаведените институции, до НАТО да достави сублимиран преглед на трошоци поврзани со дефинициите за инвестиции во одбраната и безбедноста на национално ниво, најдоцна до 31 декември 2025 година.

**Точка 65**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 66**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за составот на делегацијата за учество на Единаесетта сесија на Конференцијата на Договорните страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, што ќе се одржи од 15 до 19 декември 2025 година во Доха, Катар, за наредната седница на Владата.

**Точка 67**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ – Гостивар.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје (подвижен рендген апарат со Ц - рака со дигитален детектор за уролошки процедури).

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со заштитата на „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“ и обврските на Република Северна Македонија по донесената Одлука 47 COM 7B.54 на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (јули 2025 година, Париз, Франција) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од три дена, до Министерството за култура и туризам да достават номинации по две лица, со цел Министерство за култура и туризам, во рок од седум дена, да подготви и до Владата да достави предлог-решение за формирање на централизиран кризен координативен штаб за имплементација на „Стратегискиот план за рехабилитација на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023–2030)“.

Истовремено, Владата заклучи од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги номинира Велика Стојкова-Серафимовска, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, за членови на централизирниот кризен координативен штаб.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 31.12.2025 година, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје – парк на природата и Предлог на закон за прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје-споменик на природата.

3. Се укажува на општините Охрид, Струга и Дебрца, да изготват сеопфатна инвентаризација на бесправно изградени објекти на подрачјето на нивните општини и да достават прв извештај до Министерството за култура и туризам, а потоа Министерството за култура и туризам, најдоцна до 1.2.2026 година, да подготви и до Владата да достави извештај за истото.

4. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од седум дена, до Владата да ја достави Физибилити студијата за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро.

5. Се задолжува Министерството за култура и туризам, во рок од 15 дена, од усвојувањето на Физибилити студијата за Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро, од страна на Владата, истата да ја достави до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

6. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од седум дена, да ја информира Владата за напредокот во постапката за донесување на прв Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро, согласно Физибилити студијата за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското Езеро.

7. Се задолжува Министерството за култура и туризам, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Предлог на закон за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

8. Се задолжува Министерството за култура и туризам, во рок од седум дена, да иницира консултации со меѓународните организации и здруженија (УНЕСКО, ИКОМОС, ИУЦН, ОН, Европската Унија, донатори и други релевантни организации) за обезбедување на потенцијална

соработка и техничка поддршка при имплементацијата на „Стратегискиот план за рехабилитација на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023–2030)“.

9. Се задолжуваат Министерството за култура и туризам, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од седум дена, да иницираат консултации со Владата на Република Албанија и до 1.2.2026 година да достават предлог до Владата за воспоставување на систем за заедничко управување на високо политичко и техничко ниво, со цел поефикасна имплементација на „Стратегискиот план за рехабилитација на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023–2030)“, вклучително и усогласување на приоритетни активности, редовна размена на информации и заедничко известување за напредокот до двете влади и до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Истовремено, Владата согласно усното укажување на министерот за финансии, заклучи активностите поврзани со зачувување на природното и културното наследство на Охридскиот Регион како прашање од општ национален интерес, ресорните органи на државната управа, наведени во заклучоците, да ги реализираат во рамки на сопствените буџети за соодветната фискална година.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово (артроскопски столб).

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница ,,д-р Трифун Пановски” – Битола (артроскопски столб).

**Точка 74**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за јавна администрација, за потребите на Државниот управен инспекторат.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, не е јасно како е утврдено дека треба да се исплатат 3

денари по килограм произведено грозје, односно на кој начин е утврдена висината на поддршката.

Дополнително, утврдена е производната цена по килограм произведено винско грозје за 2025 година во законски предвидениот рок, согласно член 22 од Законот за вино, каде што е утврдено дека пресметката на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет, согласно Методологијата од член 21 од Законот, ја врши високо образовна или научна институција од областа во земјоделството по претходен спроведен јавен конкурс. Врз основа на пресметаната производна цена, зголемена за 25% се утврдија откупните цени на двете најзастапени сорти на винско грозје.

Во однос на одредбата од Законот за вино, која дозволува кратење од 8% од цената на грозјето од страна на винариите, доколку грозјето биде исплатено во рок од седум дена од денот на откупот, истата не претставува задолжителна законска обврска, туку можност за договорна одредба помеѓу откупувачот и производителот на грозје.

Истовремено, предложените измени предизвикуваат фискални импликации по буџетот на Република Северна Македонија кои не се соодветно проценети во Образецот за проценка на фискалните импликации.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, односно му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон.

**Точка 76**

Владата ги разгледа иницијативите од политичката партија Левица од Скопје и од политичката партија Демократи од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.144/2025 и У.бр.145/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, член 78, член 78-а и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесените иницијативи предлагачите, бараат Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, член 78 и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик.

Со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24 и 116/25), се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на Градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Во член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2 е уредено :

(1) За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.

(12) Рекламниот простор на електронските медиуми (интернет-портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, се распределува по следниве критериуми:

-најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;

-најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови.

Член 76-д став 5 алинеи 1 и 2:

(5) Финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во текот на изборниот процес, не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината и Градот Скопје каде се одржува втор круг на гласање и за претседателски избори доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија.

Овие средства се распределуваат по претходен писмен договор на следниов начин:
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови.

Член 78-а став (4) алинеи 1 и 2:

Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин согласно со следните критериуми:

- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- 40% од вкупниот број се достапни на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови.

* * *

Со предложените иницијативи предлагачот ги оспорува горе изнесените одредби заради нивна спротивност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија како и со Меѓународни договори за човекови права наведени во предметната Иницијатива.

Како што е наведено во поднесената Иницијатива, оспорените одредби од член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, како и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик, воспоставуваат нејасна и недоволно прецизно дефинирана законска рамка. Ваквата правна конструкција, според наводите на подносителот, доведува до нарушување на уставната и законската рамнотежа, создава неконзистентност и нејаснотија во правниот систем, со што се поткопува принципот на владеење на правото.

Во суштина, ваквите законски решенија се оценуваат како дискриминаторски, бидејќи создаваат затворен политички круг и воспоставуваат модел на политички систем во кој привилегијата на „двете најголеми партии“ (од власта и опозицијата) резултира со монопол врз јавните финансии, контрола врз медиумскиот простор, цензура и ограничен пристап на другите политички субјекти до јавните ресурси за политичко рекламирање, како што се билборди, радиодифузери и онлајн портали. На тој начин, наместо вистински плурализам, во пракса се создава систем на државно финансиран тетрапартизам и форма на автократско владеење, што ги нарушува темелните вредности на уставниот демократски и плуралистички поредок.

Предлагачот истакнува дека со оспорените законски одредби се врши дискриминација на помалите политички партии, за сметка на 4 (четири) политички партии, со што се нарушува еднаквиот пристап до политичката реклама и се создаваат услови да се влијае на слободата на изборот на страна на гласачот.

Земајќи ги предвид одредбите од погоре цитираните закони, произлегува дека просторот што политичките партии го добиваат во медиумите, средствата за финансирање па политичките партии, се распоредува според бројот на избирачки гласови што истите ќе ги добијат со нивното учество во изборниот процес.

Имено, распределба на времето за емитување на информативна програма и информирање на граѓаните за изборниот процес од страна на Јавниот радиодифузен сервис, се врши со цел да се обезбеди избалансирано известување.

Измените во Изборниот законик спроведени во периодот 2020 - 2024 година во однос на платеното политичко рекламирање се извршени согласно препораките на ОБСЕ со што се обезбедува разумна временa рамка за платено политичко рекламирање за учесниците во изборниот процес согласно постигнатиот успех и обезбедување на рамноправност помеѓу истите. Финансиските средства за платено политичко рекламирање се распоредуваат согласно процентот на освоени гласови на учесниците во изборниот процес, запазувајќи го принципот на рамноправност. Притоа член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, ја користат терминологијата „најмногу“, што остава сосем јасно простор процентот да биде и помал во зависност од бројот на политичките партии во позиција или опозициска партија.

Во член 1 и член 2 од Уставот на Република Северна Македонија - Овие уставни одредби ја утврдуваат Република Северна Македонија како суверена, независна и демократска држава во која власта произлегува и им припаѓа на граѓаните. Суверенитетот е неделив и не може да се отуѓи или пренесе. Граѓаните го остваруваат овој суверенитет преку избраните претставници, како и преку референдум и други форми на непосредно изјаснување, со што се гарантира активно учество во политичкиот живот и одлучувањето.

Во член 11 - Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување. Се забранува присилна работа. Со ниту една одредба од Изборниот законик не е сторена повреда на член 11 од Уставот на Република Северна Македонија. Оваа уставна одредба го штитат човековото достоинство како највисока вредност. Физичкиот и моралниот интегритет се неприкосновени, што значи дека секое лице има право на заштита од насилство, понижување и злоупотреба. Забраната на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување, како и забраната на присилна работа, обезбедуваат основни човекови слободи и гарантираат хуман и достоинствен третман на секој граѓанин.

Во член 20 став 1 нема никаква поврзаност со оспорените одредби од причина што истиот укажува на тоа дека на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Во Република Северна Македонија постојат голем број политички партии, што го обезбедува политичкиот плурализам како темел на демократското уредување.

Во член 50 - Правото на граѓанинот да биде запознаен со човековите права и слободи, како и активно да придонесува за нивно унапредување и заштита, е важно и во изборниот процес. Изборниот законик обезбедува услови граѓаните да бидат информирани за своите изборни права, како и да учествуваат во нивното остварување и заштита - било поединечно или преку граѓански организации, набљудувачи и иницијативи. На тој начин се зајакнува транспарентноста, фер условите и демократскиот карактер на изборите.

Во член 54 - Оваа уставна одредба утврдува дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во исклучителни случаи утврдени со Уставот, обично заради заштита на јавната безбедност, здравје или други уставно заштитени вредности. Ова нема никаква врска со ограничување на политичките партии во изборниот процес, бидејќи нивното учество и дејствување се регулирани со Изборниот законик и се засновани на принципите на политички плурализам, еднаквост и слободно натпреварување. Поради тоа, оваа уставна одредба не е насочена кон ограничување на политичките субјекти, туку кон заштита на основните човекови права.

Во член 118 - меѓународните стандарди за човекови права и демократски избори, како што се слободата на изразување, здружување и политички плурализам се применуваат и се дел од домашното законодавство.

Во член 8 став (1) точка 5 - Гарантирањето на политичкиот плурализам и одржувањето слободни, непосредни и демократски избори претставува една од темелните вредности на нашиот Уставен поредок и претставува предуслов за функционирање на демократскиот поредок. Согласно Уставот и Изборниот законик, изборите мора да бидат слободни, фер и транспарентни, со еднакви услови за сите учесници и со почитување на изборните права на граѓаните. Овие принципи ја зајакнуваат легитимноста на институциите и ја гарантираат волјата на народот како основа на власта, нешто што е веќе загарантирано со нашиот Устав и Изборниот законик. За да

се оцени уставноста на членовите 75 -ѓ и 76 -д како и членовите 78 и 78-а потребно е да се земат предвид одредбите од Изборниот законик во целина и тоа:

Член 3 - Начела на изборите (еден од најважните плуралистички принципи) „Изборите се општи и еднакви, а гласањето е слободно, тајно и непосредно.“ Оваа одредба ги утврдува основните демократски стандарди и ја гарантира еднаквоста на сите политички субјекти во учеството на изборите.

Член 5 - Забрана на дискриминација во изборниот процес: „Во спроведувањето на изборите е забранета секоја директна или индиректна дискриминација врз основа на политичко уверување..." Овој член гарантира дека сите политички субјекти, независно од нивната големина или политичка моќ, имаат еднаков пристап до изборните права.

Член 8 - Еднаква застапеност на учесниците во медиумите: Овој член ја гарантира еднаквата и недискриминаторска застапеност на сите учесници во изборниот процес преку: забрана на цензура, еднаков пристап до информации, транспарентно медиумско претставување. Ова е директно поврзано со политичкиот плурализам како уставна вредност.

Член 69 - Општи правила за изборна кампања (одредба со која се гарантира рамноправност на сите учесници). Овде е утврдено дека изборната кампања се спроведува: слободно, со еднакви услови, со почитување на медиумскиот плурализам, без привилегирање или дискриминација на кој било политички субјект.

Член 73 - Финансирање на изборна кампања (принцип на еднаков пристап до финансирање) „Сите учесници во изборниот процес имаат право на еднаков и недискриминаторски пристап до средствата за финансирање на кампањата“. Ова ја штити рамноправноста на политичките партии, движења и независни кандидати.

Член 75 - Медиумско претставување на учесниците. Пред да се стигне до член 75-ѓ, целиот член 75 ја уредува: еднаквата застапеност, пропорционалноста, транспарентноста, забраната за привилегирање, што е суштинска гаранција за политички плурализам.

Член 76 - Како рамката за член 76-д, овој член ја дефинира: еднаквата можност за политичките субјекти да купуваат платено рекламирање, транспарентност на ценовниците, обврска на медиумите за фер третман.

Член 78 - Известување на јавниот сервис (МРТ) Гарантира: избалансирано, непристрасно, коректно известување. Со ова се обезбедува дека ниеден субјект, вклучително и големите партии, нема да има медиумска доминација преку јавниот сервис.

Член 78-а - Следење на медиумското покривање. Овој член го зацврстува политичкиот и медиумскиот плурализам преку: мониторинг, санкции за медиуми кои фаворизираат, следење на рамноправноста на сите учесници во кампањата. „Од наведеното произлегува дека политичкиот плурализам, еднаквоста на субјектите и недискриминацијата се системски гарантирани преку одредбите од Изборниот законик, особено преку членовите 3, 5, 8, 69, 73, 75 и 76, како и преку целата рамка за медиумско претставување утврдена во членовите 78 и 78-а.

Во член 9 - Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. - Во таа насока се обезбедува и правото да се избира и да се биде избран – активно

и пасивно избирачко право - како темелни демократски права преку кои граѓаните директно учествуваат во изборниот процес.

Поради таа причина, бесцелни се наводите дека оспорените членови не се во согласност со член 9 од причина што истиот гарантира дека сите граѓани на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата односно пред Уставот и законите.

Во член 16 став 1 - 5 - Слободните, фер и демократски избори се возможни само во услови каде што се гарантирани слободата на уверување, совеста, мислата и јавното изразување. Овие уставни слободи обезбедуваат граѓаните и политичките субјекти слободно да ги искажуваат своите ставови и програми. Гарантирање на слобода на говорот, јавниот настап а јавното информирање, како и правото на пристап до информации, овозможуваат транспарентен изборен процес. Правото на одговор и исправка во медиумите, заедно со заштитата на изворите на информации и забраната на цензурата го обезбедуваат медиумскиот плурализам и еднаквите можности во јавната дебата. Сето ова претставува основа за вистинско демократско одлучување и слободно изразена волја на граѓаните на изборите. Дотолку повеќе треба да се има предвид дека од денот на распишување на изборите до започнување на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските публикации не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање. За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу осум минути. Исто така, се предвидува и изготвување на ценовници кои печатените медиуми ги доставуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција, а радиодифузерите и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 51 - Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со Закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите. - Бесцелни се наводите на подносителот на Иницијативата од причина што Изборниот законик беше донесен во - (дополни) година. Со воведување на оспорените одредби до сега се спроведени повеќе изборни циклуси и впрочем, истите завршиле успешно.

Важно е да се нагласи дека донесување на измени и дополнувањата на Изборниот законик се носи со консензус помеѓу сите политички партии во Република Македонија. Во таа насока одредбите внесени во овој Законик се предмет на договор помеѓу политичките партии првенствено во насока на обезбедување на фер изборен циклус со рамноправност на сите страни вклучени во истиот и исполнување на препораките кои се дел од релевантни меѓународни документи.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ги прифати иницијативите под У.бр.144/2025 и У.бр.145/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, член 78, член 78-а и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик.

**<u>Точка 77</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Бети Ѓорѓиева од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.33285 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2950/2, КП бр.2950/24 и КП бр.2950/25, викано место/улица „Првомајска 21“ и Имотен лист бр.591218 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2946/5, викано место/улица „Првомајска 21“ и по Понудата, го усвои негативното Мислење

на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Бети Ѓорѓиева од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65420, за КО Волково, на КП бр.609, викано место/улица „ул.102“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.869, за КО Црнилиште, на КП бр.3985 и КП бр.4159, викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.3786, за КО Црнилиште, на КП бр.3995, КП бр.3996 и КП бр.4162, викано место/улица „Село“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.96718 за КО Ѓорче Петров 2 – Мирче Ацев, на КП бр.5923/1, викано место/улица „Знеполе“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9225 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр.3210/2, викано место/улица „ Ѓорче Петров 5“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, заклучно со 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за висината на изречени глоби од страна на Прекршочната комисија и Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање во 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за извршен надзор на законитоста на работата на органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и инспекцискиот надзор на општините во областа на животната средина во 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје, за периодот јули - септември 2025 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализација на Договорот за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Извештајот за распределените финансиски средства за настанатата штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Чешиново-Облешево на 16 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

1. Владата го разреши Владимир Кроневски од должноста директор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, на негово барање, поради именување на друга функција.

2. Владата ја именува Катерина Михајлова за директор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3. Владата врз основа на член 49 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21, 74/24 и 16/25) заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, да ја именува Никица Мојсоска-Блажевски за неизвршен член на Советот на Народна банка на Република Северна Македонија.

4. Владата го именува Харис Ибраими, за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, досегашен вршител на должноста директор на установата.

5. Владата ја разреши Мелита Никодиновска, од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, поради истек на мандатот.

5.1 Владата ја именува Весна Стојчевска, за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на предлог на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

6. Владата ја разреши Марија Митевска-претставник од Министерството за финансии, од должноста претседател на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, на нејзино барање.

7. Владата ја именува Ефимија Димовска за член на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија, на предлог на министерот за економија и труд.

7.1 Именувањето на Љуљјета Сељами за член на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија со Решение бр.18-7314/1 од 22 јули 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/25) се става вон сила.

8. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Инспекторатот за употреба на јазиците.

9. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Бирото за метрологија.

10. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на ЈУ Центар за образование на возрасните.

## Точка 89

**1.** Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 8 Декември „Св.Климент Охридски" ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Владина делегација во следниот состав:

- Панче Тошковски– министер за внатрешни работи,
- Зоран Љутков – министер за култура и туризам и
- доц. д-р Викторија Трајков – заменик на министерот за европски прашања,

која да присуствува на положување на венци од свежо цвеќе пред Споменикот на Св.Климент Охридски пред Националната и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски" - Скопје, со почеток од 11.30 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци од свежо цвеќе за Делегацијата, како и превоз до местото каде ќе се одбележува настанот.

**2.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за измена на Заклучокот бр.3 од точка 29: „Извештај за извршени преговори за Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција за изменување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2, во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло" и начините на административна соработка, со усогласен текст на Одлука бр. 1/2024 на Мешовитиот комитет, од Триесет и петтата

седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„3. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Одлуката бр.1/2024 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција со заменување на Протокол 2, во однос на дефинирањето на концептот на „производи со потекло“ и начините на административна соработка“.

**3.** Владата ги задолжи сите министерства и буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во редовна владина постапка веднаш да ги достават предлог – програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа, со пополнети табеларни параметри, согласно урнеците за финансиско информирање од претходните години) за користење на средства за 2026 година кои произлегуваат од Буџетот и од другите материјални закони, со цел истите да се разгледаат на тематски седници на Генералниот колегиум на државни секретари, работните тела на Владата и Владата.

За оваа цел, потребно е овие материјали да се достават до Владата, најдоцна до 15 јануари 2026 година, а истите претходно да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции и доставени на мислење до Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, како и до другите ресорно надлежни институции, со цел нивно навремено усогласување.

**4.** Владата по повод утврдениот Предлог на закон за соодветна и правична застапеност, кој е доставен на мислење до Венецијанска комисија при Совет на Европа, го овласти Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да присуствува на Сто четириесет и петтата пленарна сесија на Венецијанската комисија, која ќе се одржи во Венеција, Италија на 12 и 13 декември 2025 година, на која на Дневен ред ќе биде Предлогот на закон за соодветна и правична застапеност.

**Точка 90**

Владата го разгледа Известувањето и барање за итно преземање мерки во врска со свлечишта во селото Шипковица, кои се резултат на обилните врнежи од дожд на 27 ноември 2025 година и заклучи истото да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 91**

Владата заклучи Информацијата за состојбата со појава на обрушување на земјиште (активно свлечиште), кое се наоѓа под објекти на улица „Партенија Зографски“, со можност за загрозување на животот и здравјето на луѓето, како и нарушување на безбедноста и стабилноста на околните објекти, инфраструктура и критичната инфраструктура, да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 92**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 ноември 2025 година до 19 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за

управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 93**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за периодот од 20 ноември 2025 до 26 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 94**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 13 ноември 2025 година до 19 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 95**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 20 ноември 2025 година до 26 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за Националниот акциски план за Зелената агенда 2025-2027, со Национален акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Националниот акциски план за Зелената агенда на Република Северна Македонија 2025-2027.

2. Ги задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за транспорт, Министерството за економија и труд, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука и Министерството за европски прашања, до крајот на 2025 година, да номинираат контакт-лица од своите институции кои ќе бидат консултирани во процесот на следење и надградба на националните акции согласно столбовите на Акцискиот план за Зелена агенда за Западен Балкан.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“ и дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1“ во Кочани (јужен булевар, влез од кај Грдовци) и заклучи истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на мост на Кочанска Река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во Општина Кочани и заклучи истата да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 км 3+550,20, до изливен базен на препумпна станица од водоводниот систем на град Кочани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 км 3+550,20, до изливен базен на препумпна станица од водоводниот систем на град Кочани“, во вкупна вредност од 60.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- средства во износ од 30.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, во 2026 година и
- средства во износ од 30.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт, да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на условите за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на автопат (граничен премин со Република Бугарија - Црна Скала), Делчево-Виница-Кочани-Штип-Велес со тех. бр. У33510, ја усвои Информацијата и го задолжи Јавното претпријатие за државни патишта да побара поништување на Решението за услови за планирање на просторот со бр. 15-2159/2 од 8.3.2011 година од Министерството за животна средина, по што ќе ја извести Агенцијата за планирање на просторот во однос на важноста на условите за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот со тех. бр. У33510, за изработка на проект за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија-Црна Скала), Делчево-Виница-Кочани-Велес.

**Точка 101**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2023 година.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за транспорт за Република Северна Македонија за 2024-2027 година, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци, усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за транспорт во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

2. Се определува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за транспорт во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за финансии соодветно да го планира и обезбеди износот на буџетските средства потребни за национално кофинансирање за ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за транспорт во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година, во рамки на максимално утврдените лимити на расходи со буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодбата за финансирање за ИПА 2025-2027 Повеќегодишна акциска програма, со текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци (имајќи го предвид позитивното Мислење на Министерството за финансии):

1. Ја прифати Спогодбата за финансирање на ИПА 2025-2027 Повеќегодишна акциска програма помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

2. Се овластува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален ИПА координатор, да ја потпише Спогодбата за финансирање на ИПА 2025-2027 Повеќегодишна акциска програма помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за човечки капитал во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, со текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци, усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Ја прифати Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за човечки капитал во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

2. Се определува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален ИПА координатор, да ја потпише Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за човечки капитал во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди потребниот износ на задолжително национално кофинансирање, во рамки на Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за човечки капитал во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија во рамки на годишниот буџет на  Министерството за финансии, во согласност со планираната динамика на спроведување на проектите.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за животна средина во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци, усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за животна средина во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

2. Се определува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за животна средина во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерство за финансии соодветно да го планира и  обезбеди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање, за Спогодбата за финансирање на ИПА III Повеќегодишна оперативна програма за животна средина во корист на Република Северна Македонија за 2024-2027 година помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија во рамки на максимално утврдените лимити на расходи со буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за организирање на министерската конференција на „Советот на министри за култура на Југоисточна Европа – јакнење на културата во функција на одржливиот развој“, која ќе се одржи од 11 до 13 декември 2025 година во Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го организира делот од конференцијата кој се однесува на хотелското сместување на учесниците на конференцијата, конференциска сала и придружни простории и техничка опрема и поддршка во периодот 11 - 13 декември 2025 година.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз со моторни возила кои ќе бидат на располагање на делегациите за време на одржување на конференцијата и хотелско сместување за возачите вработени во Службата кои ќе го вршат превозот на делегациите во периодот 11 - 13 декември 2025 година.

3. Се задолжуваат министрите кои нема да присуствуваат на конференцијата да и ги отстапат на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

службените возилата кои ги користат, за време на одржување на конференцијата во периодот 11 - 13 декември 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за култура и туризам финансиските средства од околу 400.000,00 денари од буџетската сметка 180100042663712, Програма 90 - меѓународна соработка, Расходна ставка 464 - Разни трансфери, да и ги уплати на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија на сметката 040020008663111, Приходна ставка 724130, Програма 11, кои се однесуваат на трошоци за превоз, патарина, гориво и хотелско сместување на возачите вработени во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, по доставената фактура од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии потребните средства да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет за тековната фискална година.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија во Подружница АВТОМАТ КЛУБ Сити мол Скопје на ул.„Љубљанска“ бр.6/1, Скопје-Карпош и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби на Република Северна Македонија, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 109**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, го утврди и заклучи согласно член 139 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Наталија Кожовска-Алтипармаковски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 110**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка и условно го утврди, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за јавна администрација и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Ревидираната фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026-2030 година, ја донесе и заклучи истата да се достави за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија, како дел од буџетската документација и до Фискалниот совет за мислење.

**Точка 112**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година, го утврди и заклучи согласно член 193 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и согласно расправата на седницата, условно ја утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлог – одлуката со Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Пречистениот текст на Предлог - одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, согласно член 204 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.